Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), а по овластување на Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно Решение број 01-842/1 од 15.12.2021 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Д.Д. од Пробиштип, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 03.02.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Д. Д. од Пробиштип, поднесено до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведено под бр. 08-1 на 25.01.2023 година **СЕ УВАЖУВА**.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

Од Влада на Република Северна Македонија, Секретаријат за европски прашања, препратено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации Д. Д. од Пробиштип, завеено под нивен број 17-68/2 од 24.01.2023 година. Постапувајќи по препраќање на барање, кое е примено на 25.01.2023 година во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено во архивата на Агенцијата под бр.08-1, со кое Брателот бара преку пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација од јавен карактер:

„Во врска со проектот IPA 2019/ 410-977 - Promoting transparency and accountability in public administration, финансиран од Европската Унија, молам да ми се достави:
- Фотокопија од договорот за проектот;
- Фотокопија од потврдата за регистрација на проектот;
- Информација за имплементаторот на проектот во РСМ - назив на правното лице (трговско друштво, здружение, стопанска комора, интересна заедница или фондација) што го спроведувало проектот; и
- Назив на сите државни органи и институции кои зеле активно учество во проектот како крајни корисници“.

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер врз основа на информациите со кои располага, Ве информира следново:

Согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, „Информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информацијата).

Агенцијата е институција која е вториот директен корисник на ИПА 2 проектот, кој отпочна во ноември 2019 година, финансиран од ЕУ „Промоција на транспарентност и отчетност на јавната администрација во Република Северна Македонија“ , IPA 2 EU

Funded Project (**“Promoting Transparency and Accountability in Public Administration of North Macedonia**, referred to as **ProTracco** (Public Reference Europe Aid/139891/DH/ SER/MK)).

- Во однос на првата точка – Фотокопија од договорот за проектот - Агенцијата ве информира дека, Договорот е склучен помеѓу ЕУ, Европската Делегација во Република Северна Македонија и правниот субјект “PwC PRICEWATERHOUSECOOPERS EU SERVICES”. Воедно, Агенцијата ниту ја создала ниту располага со бараната информација, па од таа причина не може да Ви достави информација која ниту ја создала ниту располага;
- Во однос на втората точка - Фотокопија од потврдата за регистрација на проектот Агенцијата ниту ја создала ниту располага со бараната информација, па од таа причина не може да Ви достави информација со која не располага. Огласот со податоци е објавен на веб страната на ЕУ Европска Делегација на следниот линк EU Projects - EU for you;
- Во однос на третата точка – Информација за имплементаторот на проектот во РСМ – Агенцијата ве информира дека Имплементатор на проектот е конзорциум предводен од “PwC PRICEWATERHOUSECOOPERS EU SERVICES” и “Access to Information Programme AIP Foundation”;
- Во однос на четвртата точка - Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и Државната Комисија за спречување на корупцијата се институции кои земаа активно учество во проектот како крајни корисници.

  Проектот се состоеше од две компоненти и тоа:
  Компонента 1: Поддршка на Државната комисија за спречување на корупцијата во обезбедувањето транспарентност, интегритет и етика во јавните институции
  Компонента 2: Поддршка на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.
  Повеќе информации можете да најдете на веб страната на АЗПСПИЈК на следниот линк ИПА 2017 | АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР (aspi.mk)

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Петар Гајдов

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- барател на информацијата